# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 7 / 2021
## 24.03.2021 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2021 година**

Се објавува **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2021 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 23.03.2021година.

Бр.09-216/1
24.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа (сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа ( сл.весник на РМ бр.61/2004, 67/2007,96/2004, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/2018, 244/2019) Советот на Општина Неготино на седница бр. 20 (вонредна) одржана на ден 23.03.2021 донесе

**О Д Л У К А**

За проширување на средствата на Буџетот на **ОпШтина Неготино**

За **2021** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпШтина Неготино за 2021 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | ***САМОФИН.*** | ***ДОТАЦИИ*** | ***ДОНАЦИИ*** | ***КРЕДИТИ*** |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | |
| 742 119 Др.општи и тековни донации | 0 | 0 | 711.180 | 0 |
| 742 114 Приходи од ЕУ | 0 | 0 | 2.078.640 | 0 |
| 744 311 Други тековни донации | 0 | 0 | 126.100 | 0 |
| | **0** | **0** | **2.915.920** | **0** |

и се распредуваат на следните расходни потставки :

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **G1 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 142.000 | 0 |
| **H1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420 220 Патување во странство-патни расходи | 0 | 0 | 502.085 | 0 |
| 420 230 Патување во странство-сместување | 0 | 0 | 239.120 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 426 310 Семинари и конференции | 0 | 0 | 119.560 | 0 |
| 426 990 Др.оперативни расходи | 0 | 0 | 333.200 | 0 |
| 423 110 Канцелариски материјал | 0 | 0 | 8.000 | 0 |
| 423 990 Други материјали | 0 | 0 | 78.000 | 0 |
| 426 410 Објавување на огласи | 0 | 0 | 3.000 | 0 |
| 480 140 Купување на информ.и видео опрема | 0 | 0 | 215. 000 | 0 |
| 420 240 Патување во странство-споредни расходи | 0 | 0 | 766.191 | 0 |
| 425 990 Др.договорни услуги | 0 | 0 | 488.664 | 0 |
| 421 390 Др.трошоци за комуникација | 0 | 0 | 4.000 | 0 |
| 423 410 Прехранбени продукти и пијалоци | 0 | 0 | 1.000 | 0 |
| 423 610 Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 8.000 | 0 |
| 425 920 Услуги за копирање,печатење,издавање | 0 | 0 | 6.000 | 0 |
| 425 290 Други финансиски услуги | 0 | 0 | 2.100 | 0 |
| | **0** | **0** | **2.915.920** | **0** |

бр.08-209/3
23.03.2021 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Диме Витанов с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање согласност на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ Неготино за формирање на една дополнителна паралелка**

Се објавува **Одлука за давање согласност на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ Неготино за формирање на една дополнителна паралелка,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 23.03.2021 година.

Бр.09-216/2
24.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден 23.03.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на една дополнителна паралелка**

**Член 1**

СЕ ДАВА согласност на Средното општинско училиште „ Св.Кирил и Методиј" Неготино за формирање на една дополнителна пареледка со четиригодишно стручно образование од насока здравство и социјално заштита- образовен профил медицински лабораториски санитарен техничар за учебната 2021/2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-209/4

23.03.2021 година

Совет **на општина Неготино**

**Претседател,**

**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 23.03.2021 година.

Бр.09-216/3
24.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12,13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 23.03.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. Јован Цветковски од Неготино , износ од 20.000,оо денари
2. Спасов Стојан од Неготино износ од 6.000,оо денари
3. Елмер Алимов од Неготино износ од 6.000,оо денари
4. Љупче Ганчев од Неготино износ од 12.000,оо денари

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на општина Неготино.

бр.08-209/5
23.03.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

## СОДРЖИНА

### Службен гласник бр. 7/2021


1. **Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средства на Буџетот на општина Неготино за 2021 година**
2. **Одлука за проширување на средства на Буџетот на општина Неготино за 2021 година**
3. **Заклучок за објавување на Одлука за давања Согласност на СОУ „Св. Кирили и Методиј“ Неготино за формирање на една дополнителна паралелка**
4. **Одлука за давања Согласност на СОУ „Св. Кирили и Методиј“ Неготино за формирање на една дополнителна паралелка**
5. **Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**
6. **Решение за доделување на еднократна парична помош**